УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ

• ДАУТ ПАШИН АМАМ •

ART GALLERY SKOPJE

# СТАНКО ЃОРЃИЕВ
# STANKO ĐORĐIEV

12 — 29 MAJ 1988

Почнувајќи од оваа година, Уметничката галерија, „Скопје“ во соработка со Републичката заедница за култура ја воспоставува манифестацијата „Прва самостојна изложба на млад автор“ што преставува начин за стимулација и форма за презентација на творештвото на млади академски ликовни уметници. Ако се земе предвид новонастанатата ситуација и улогата и местото кое денес го има таканаречената млада генерација (голем број дипломирани уметници од Скопскиот факултет за ликовни уметности) на полно се потврдува оправданоста на иницијативата за ваква ликовна манифестација, која ќе носи одредена порака и цел за системско и студиозно следење на новиот ликоввен потенцијал, како и прв контакт меѓу уметникот и општеството.

Станко Ѓорѓиев ѝ припаѓа на младата генерација академски сликари која низ учеството на повеќе групни изложби, покажа дека има поинакви погледи на (сликарството) од оние досега присутни во современата македонска уметност. Тие донесоа во себе, на различен начин, она што општо се нарекува „дух на времето“ или како во уметноста се нарекува постмодернизам.

Следејќи ги сопствените емоционални набои тој се приближи до своевиден неоекспресионистички израз, создавајќи необични, робустни и деформирани фигури. Фигурата и портретот како прастар иконографски вид и најексплотиран мотив (но со значајна улога) во историјата на уметноста е најчест субјект во творбите на авторот.

Низ композициите изградени од една или две фигури (поставени во апстрактктен простор) со драматично изобличени екстремитети и со психолошки обработен лик, Ѓорѓиев како да сака да ја потенцира сензуалноста и големиот емотивен потенцијал. Телата се предадени монументално во одбрани, напнати „пози“, на места еротски, додека ликовите се преставени со лирско-поетска и тажна “обоеност“. Низ својот оригинален сликарски концепт, авторот ни открива една дилема со дуалистичка структура на свеста, разединета меѓу сетилното и разумското, физичкото и психичкото, фигуративното и апстрактното. Низ тоа помирување на спротивностите се крие необичната доверливост и привлечност на неговите дела.

При согледувањето на формалните сликарски аспекти, цврста и урамнотежена композиција, богати пиктурални решенија (фактурата на боените слоеви на места истакнато-рељефна со тенденција симболично да го истакне психолошкиот лик на човекот) авторот се истакнува со сигурен и енергичен цртеж.

И во цртежите кои се еден вид цртеж-слика, Станко Ѓорѓиев логично и специфично ги заокружува неговите ликовни истражувања. Во нив се чувствува поголема раздвиженост, немир и ритмизираност како и настојување на авторот за по слободен и посовремен ликвен израз.

Со својот значаен творечки потенцијал и со богатиот ликовен и духовен нерв Ѓорѓиев ветува дека ќе придонесе за натамошниот развој на македонската ликовна уметност.

Мирјана Талеска

Роден 1954 во Чешиново — Кочани. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје, во класата на проф. Петар Мазев 1984.

Адреса: Гостиварска 30б, 91000 Скопје

He was Born in 1954 in Češinovo — Kočani. He bas graduated at the Acaremy of Fine Arts in Skopje in 1984 under professor Petar Mazev.

Adress: Gostivarska 30 b, 91.000 Skopje

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ
## GROUP EXHIBITIONS

1982, 1983, 1984 — Сараево, „Заедно", Изложба на студентите на ликовните академии на СФРЈ

1984 — Скопје, Дом на младите „25 Мај", Нови појави во македонската ликовна уметност во последната деценија
— Скопје, Ликовни интервенции „Во чест на Рембрант"
— Струмица, Ликовна колонија

1985 — Скопје, Изложба на I генерација ликовни уметници на Факултетот за ликовни уметности — Скопје, (во аулата на Филозофско-Историскиот факултет)

1986 — Скопје, Музеј на Македонија, Изложба „Експресија, гест, акција"
— Скопје, НУБ „Климент Охридски", ДЛУМ —ЦРТЕЖ 86
— Скопје, НУБ „Климент
— Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ XLI
— Белград, Ликовен салон на Академијата за ликовни уметности, I и II генерации на факултетот заликовни уметности — Скопје
— Скопје, Фоаје на Македонскиот народен театар, I Генерација на Факултетот за ликовни уметности

1987 — Скопје, Музеј на современа уменост, Биенале на младите 1987
— Скопје, НУБ „Климент Охридски" ДЛУМ — ЦРТЕЖ 87
— Скопје, Уметничка галерија, ДЛУМ 87
— Цетиње, Vladin dom- Umjetnički muzej SR Crne gore,
XXI Изложба на Цетинскиот салон на југословенската ликовна уметност „13 Ноември"
— Тузла, Galerija jugoslovenskog portreta, 6 Изложба на југословенскиот портрет 87
—Скопје, Салон на ДЛУМ и ДЛУПУМ, Изложба на млади членови на ДЛУМ

## НАГРАДИ:
## AWARDS

1984 — Скопје, Награда за сликарство на Факултетот за ликовни уметности

1986 — Скопје, Откупна награда на Уметничка галерија на Длум—Цртеж 86



6



1



16

7



## КАТАЛОГ
## CATALOGUE

СИИКИ:
PAINTINGS:

1. ЗГРЧЕНА ФИГУРА, 1986
TWISTED BODY,
масло на платно, 120 x 100
2. БИЛЈАНА, 1987/88
BILJANA
масло на платно, 110 x 140
3. НЕМИРЕН ЧОВЕК, 1988
RESTLESS MAN
масло на платно, 115 x 145
4. НЕМИРЕН ЧОВЕК, 1988
RESTLESS MAN
масло на платно, 115 x 145
5. НЕМИРЕН ЧОВЕК, 1988
RESTLESS MAN
масло на платно, 145 x 115
6. ЛЕЖЕЧКИ АКТ, 1988
LYING NUDE
масло на платно, 110 x 120
7. ОЧЕКУВАЊЕ, 1988
EXPECTATION
масло на платно, 115 x 140
8. ПОРТРЕТ I, 1988
PORTRAIT, I
масло на платно, 100 x 70
9. ПОЛУАКТ, 1988
HALF—NAKED
масло на платно, 110 x 80
10. ПОРТРЕТ II, 1988
PORTAIT, II
масло на платно, 100 x 70
11. ЦРВЕН ПОРТРЕТ, 1988
RED PORTRAIT
масло на платно, 70 x 55
12. ПОРТОКАЛОВ ПОРТРЕТ, 1988
ORANGE PORTRAIT
масло на платно, 77 x 55
13. ГОЛЕМ АКТ, 1988
LARGE NUDE
масло на платно, 100 x 170
14. ВОЗНЕМИРЕН ПОРТРЕТ, 1988
UNEASY PORTRAIT
масло на платно, 110 x 70
15. ГАТАЧКА, 1988
FORTUNETELLER
масло на платно, 110 x 100
16. ИНТИМЕН РАЗГОВОР, 1988
PRIVATE CONVERSATION
масло н аплатно, 120 x 140

ЦРТЕЖИ
DRAWINGS

1. ПОРТРЕТ—ЃАВОЛ, 1984
PORTRAIT—DEVIL
комб. тех. 50 x 40
2. ЧОВЕК—КОЊ, 1985
MAN—HORSE
комб. тех. 70 x 80
3. ПОЛУФИГУРА, 1986
HALF—BODY
комб. тех. 70 x 140
4. СПОКОЕН ПОРТРЕТ, 1986
PEACEFUL PORTRAIT
комб. тех. 80 x 70
5. ЧОВЕК-ЖАБА, 1987
FROG—MAN
комб. тех. 70 x 100
6. ПОРТРЕТ СО МАЧКА, 1987
PORTRAIT WITH CAT
комб. тех. 70 x 100
7. ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ ВО ПРОФИЛ ,1987
FEMALE PROFILE
комб. тех. 100 x 70
8. БОГОМОЛЕЦ, 1987
DEVOUT PERSON
комб. тех. 70 x 50
9. БРЕМЕНА ЖЕНА, 1987
PREGNANT WOMAN
комб. тех. 90 x 70
10. ЕВА, 1987
EVE
комб. тех. 100 x 70
11. ЗГРЧЕНА ЖЕНА, 1987
TWISTED BODY
комб. тех. 100 x 70
12. ВОЗВИШЕНА ЖЕНА, 1987
EXALTED WOMAN
комб. тех. 80 x 60

13—28. ПОРТРЕТИ, 1985/86
PORTRAITS
комб. тех. 80 x 60

(сите дела се сопственост на авторот)

ИЗДАВАЧ:
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА-СКОПЈЕ
ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ДРАГАН БОШНАКОСКИ
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБА, ПРЕДГОВОР И КАТАЛОШКИ ПОДАТОЦИ:
МИРЈАНА ТАЛЕСКА
ПРЕВОД НА АНГЛИСКИ: ЖАНЕТА ХОРВАТ
ФОТОГРАФИИ: ЃОРЃИ ТРИЧКОВСКИ
ЛИКОВНА ОПРЕМА: УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
ПЕЧАТ: З.О. „СВЕТЛОСТ“ Р. Е. „ГРАФИЧКИ“ — СКОПЈЕ
ТИРАЖ: 300

PUBLISHER:
ART GALLERY—SKOPJE
DRAGAN BOŠNAKOSKI
ORGANIZATION OF THE EXHIBITION, PREFACE AND CATALOQUE:
MIRJANA TALESKA
TRANSLATED INTO ENGLISH BY
ŽANETA HORVAT
PHOTOGRAPHS:
ĐORĐI TRIČKOVSKI
LAY AUT:
ART GALLERY
PRINTED BY: ZRO „SVETLOST”, R.E. „GRAFIČKI” — SKOPJE
COPIES: 300